УНИВЕРЗИТЕТ „СВ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

# АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО 2

2020

**УЧЕЊЕ = СЕЌАВАЊЕ НА СЕБЕ СИ**

## ВЕЖБА 3 | ПРИЛОГ

- ОТЕЛОТВОРУВАЊЕ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ПРОСТОР
- ОБЛИКУВАЊЕ НА АРХИТЕКТОНСКИ ОБЈЕКТ ВО ПРИРОДЕН И АРТИФИЦИЈЕЛЕН КОНТЕКСТ
- ПРИВРЕМЕН ПАВИЛЈОН ЗА НАСТАВА И СМЕСТУВАЊЕ

## КАЗИМИР МАЛЕВИЧ | KAZIMIERZ MALEWICZ пол.

1878 - РОДЕН Е ВО КИЕВ, УКРАИНА ОД РОДИТЕЛИ ОД ПОЛСКО ПОТЕКЛО

1935 - ПОЧИНАЛ ВО ЛЕНИНГРАД, СССР, ПОГРЕБАН Е ВО НЕМЧИНОВКА, БЛИЗУ МОСКВА НА НЕГОВАТА ДАЧА.

КАЗИМИР МАЛЕВИЧ Е ОСНОВОПОЛОЖНИК И ИДЕОЛОГ НА НА ПРАВЕЦ ВО ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ КОЈ ГО ИМЕНУВА КАКО СУПРЕМАТИЗАМ.

НО СУПРЕМАТИЗМОТ ПРЕТСТАВУВА МНОГУ ПОВЕЌЕ ОД ОДРЕДЕН СПЕЦИФИЧЕН НАЧИН, СЕНЗИБИЛИТЕТ НА УМЕТНИЧКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ, ГЛЕДАЊЕ НА СВЕТОТ.
ТОЈ Е ФИЛОЗОФСКИ ПОГЛЕД, СВЕТОГЛЕД, КОЈ ВО СОСТАВУВАЊЕТО НА СЛИКАТА НА СВЕТОТ, ИЛИ УШТЕ ПОДОБРО ГРАДЕЊЕТО НА СЛИКАТА НА НОВИОТ СВЕТ, ПОКАА ОД НОВА, МИСТИЧНА ВО ПОЗИТИВНА СМИСЛА, ДИЈАЛЕКТИКА, МЕЃУ СУБЈЕКТОТ И ОБЈЕКТОТ, АПСОЛУТНОТО И РЕЛАТИВНОТО.

Казимир Малевич го воведува концептот на не предметност, т.е. на ослободување од предметната материјална, фигуративна, директно наративна, сликовита, присатност и доаѓање во состојба на супремација на чистото чувствување.
Силата на чувствувањето на непредметната присатност како владејачка, супрематска, ја дефинира преку три можни релации, од кои се развиваат безбројни нивои, вредности. Тоа се меѓусодејствијата, релациите, на: статично и динамично како и чувството на магнетна привлечност, меѓу еден и друг или меѓу повеќе супрематистички елементи.
Развитокот на културата на Супрематизмот, Казимир Малевич го објаснува преку промените на енергетското ниво, ентропијата, слично како и кај субстанцијалните метаморфози на Хераклит.
Според него, Супрематизмот почнува од безимензионалното чувство на сеприсатната сила, преку двосимензионалната преостава 1913, првата супрематистичка форма - црниот квадрат, и следат неговите трансформации. Потоа, веќе во 1915 година, и особено во периодот 1919 - 1923 година се развива во третата димензија и добива архитектонски облик. Тие тридимензионални облици стануваат формални мотиви или генеративни матрици за развиток на архитектонски простор. Како конкретни просторни модели, ги претставува чувството на статичност и динамичност, преку архитектоните Алфа и Гота во 1923.
Културата на Супрематизмот ја има и својата, како што ја именува, петта фаза, во која, елементот се растворува на чувствувањето на потполно не-битие, се појавува белиот супр-елемент, на бело,. Тој според својата чувственост претставува апсолутна без-предметност.

Поаѓајќи од неговите ставови, може да заклучиме, дека осуштествувањето, отварувањето на просторот не е резултат на апстрахирање на материјата, туку обратно, дека првенствено е отелотворување на чувството за присатност на енергијата.

Всушност е проекцијата на самите во себе си.

Тој, во 1915 година пишува:

"Јас сум почеток....
Кога велам Јас, подразбирам човек

Јас сум почеток на сè бидејќи во мојата свест
се создаваат светови.

Јас трагам за Бога, трагам во себе за себе.
Бог е сегледачки, сезнаечки, семоќен.
Идно совршенство на интуицијата како
вселенски свет на надразумот.
Јас трагам за Бога, трагам за своето лице,
веќе го направив неговиот обрис
и тежнеам да се отелотворам.
И мојот разум ми служи како пат до она што е
нацртано со интуицијата."

.....извадок цитирано според
K. MALEVICH "I AM THE BEGINNING...."
во K.S. MALEVICH,
THE ARTIST, INFINITY, SUPREMATISM.
UNPUBLISHED WRITINGS 1913-33,
VOL. IV COPENHAGEN, 1978,
PR. ED. TROELS ANDERSEN, стр. 12-27

Извадоци

од Малевич, Непредметен свет

изворно печатено 1927 како единаесетта книга во низот „Bauhausbücher" изд. Walter Gropius i Laszlo Moholy-Nagy
изд. Центар за културну делатност, Загреб, 1981

1 дел. Вовед во теоријата на додатниот елемент во сликарството

2 дел. Супрематизам

стр. 65. Под Супрематизам разбирам супремација на чистото чувство во ликовната уметност.
Од становиштето на супрематистите, појавите од предметна природа по себе се без значење; битно е чувството како такво, севкупно независно од околината во која е предизвикано.
Таканареченото „конкретизирање" на чувствата во свеста значи всушност конкретизирање на рефлексијата на некакво чувство со помош на реална претстава. Таква реална претстава во уметноста на супрематизмот е — без значение....

| по повод изложувањето на основниот супрематистички елемент, црниот квадрат, 1913, тој објаснува |

стр. 66.

И јас самиот бев исполнет со одреден страв, се плашев, кога требаше да го напуштам „светот на волјата и претставата" во кој што живеев и созревав и во чија што вистинитост верував.

Но чувството на среќа, кое чувство во мене го предизвикуваше ослободувачката непредметност, ме однесе во „пустината", каде што ништо, освен чувствата, не е стварно...
И така, чувството стана содржината на мојот живот.
Она што го изложив не беше „празен квадрат" туку чувство на непредметност.

стр. 74. Со Супрематизмот, во животот не влегува некој нов свет на чувства, туку воопшто едно ново непосредно прикажување на светот на чувствата.

стр 98. Новата уметност на супрематизмот, која со обликување на сликарското чувствување создаде нови форми и нови односи внатре во формите, со пренесување на тие форми и односите меѓу формите од површината на платното во простор, ќе стане ново градителство.

Елементот на супрематизмот е, и во сликарството и во архитектурата, слободен од било каква социјална или груба материјалистичка тенденција.

....

Откако уметноста, преку супрематизмот, дојде до самата себе – до својата чиста неприменлива форма – и го освои непогрешливото на непредметното чувство, таа се обидува да изгради еден нов, вистински светски поредок, еден нов светоглед. Таа ја сознава непредметноста на светот и повеќе не се залага за илустрација на културната историја.

.....

стр 99. Супрематизмот, на ликовните уметности им отвора нови можности со тоа што, со напуштање на „обзирите за целесообразност" овозможува пренесување во простор на пластичното – (тридимензионалното) чувство прикажано на површината на сликата. Уметникот повеќе не е врзан за површината на сликата, и своите композиции може да ги пренесе во простор.

Miroslav Lamač and Juri Padrta The idea of suprematism, во Kasimir Malewitsch. Zum 100. Geburtstag, Galerie Gmurzynska, Köln 1978
стр 134-182

сила....
Силата во супрематизмот има најистакнатата вредност. И откривањето на силата е првата задача на супрематизмот, што може да го сфатиме за закон.
(1927)...
Името (супрематизам) настана во моментот кога дефиницијата на сила стана водечка или супрематска, највисока.
...
„Сѐ е сила" !!!

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ, СКОПЈЕ

**АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО 1**



# КАЗИМИР МАЉЕВИЧ
1878 - 1935














Маљевич со ќерката Уна, 1921




**Членовите на УНОВИС со Маљевич во средина, 1920**


К. МАЛЕВИЧ
СУПРЕМАТИЗМ
34 РИСУНКА
УНОВИС
ВИТЕБСК 1920



супрематистичка композиција
(чувствување на мистична волја) 1915 г.



супрематистичка композиција
(магнетна привлечност)



супрематистичка композиција
(чувствување на движења и отпор) 1916 г.

## **СУПРЕМАТИЗАМ** (после 1923)

доминација на чисто апстрактна
и безпредметна уметност.

моменти на неговиот развој

Се мисли дека супрематизмот се појави во 1913 година. Прва супрематистичка форма беше форма со четвороаголен облик, која во секојдневниот јазик се вика квадрат.

види 

Тоа беше главен елемент од кој се развија сите супрематистички групации или цел систем на супрематистички односи на елементите.
Според својата обоеност супрематистичкиот систем се дели: на три боени моменти- црн, обоен, т.е преовладуваат боите на спектарот, и бел. Според прикладната ситуација супрематизмот може да се подели на положба на различни чувства, на пример: статичко, динамичко, мистично, итн.
Според взаемниот однос на елементите, се дели на контрасна композиција, динамичка, статичка итн.
Основната форма на квадратот се дели во својата прва еволуција на два типа четвороаголника и на четвороаголник со изместени агли.

основниот квадрат е 
бр 1 црн, бр 2 бел, бр 3 црвен

Понатака од квадрат произлегува круг  бр 4
како втор основен елемент на супрематизмот и и четврта позиција.


бр 5 е форма во облик на крст( произлегува од поделба на квадратот на прва  и втора 
развојна фаза) која е трет основен елемент.
Формите, што подоцна се покажа, настануваат како основна форма на развојот на целиот систем или културата на супрематизмот.

Потребно е да се покаже развојот на супрематистичкиот квадрат бр 1 според сите периоди на неговото изменување. Првиот квадрат се подели на два еднакви четвороаголника обоени со црна боја.


бр 6

Во другиот облик  бр 7 двата еднакви четвороаголника обоени се: еден со темно црвено цинобер, вториот црн. Третиот облик  е неправилен, разноаголен квадрат на врвот, и рамноаголен на дното, со динамичко чувство.

Четвртиот облик е , со чувство на квадрат во статички момент, и неколку форми на продолжен квадрат, со динамичко чувство. При што формата на продолжениот квадрат е резултат на изместувањето на квадратот  кој подоцна се подели на се помали и помали површини.

 скоро секогаш поделени на нееднакви

делови 

На бројот 7 треба да се додаде формата 7а во која дојде до спојување на два квадрата (бел, и црн) во следниот однос 

бр. 7а

Следниот развој се одвива во различни облици квадрат со четвороаголници, а во број 8 гледаме појава на кривина  која подоцна нема улога,

и како да се укинува, и подоцна воопшто не влегува во композицијата на односи. Во 9  гледаме

посебна композиција на супрематистичката состојба на квадратот кој е поделен во неколку типа кои подоцна не се развиваат.



бр. 10

На тој начин од наведените форми на квадратот гледаме да се, воглавно, развиваат четвороаголници во различни облици, и завзамаат различни положби, т.е изразуваат различни чувства, приоритетно динамички и статички во разноврсни сложени композиции, на пример во цртежите:



бр. 11



бр. 12



бр. 13



бр. 14



бр. 15



бр. 16



бр. 17





итн.

Еве неколку примери на динамички супрематизам рамен облик, произлезени од квадратот кој се разви во 1913 година. А 1915 година гледаме супрематистички форми на волуменски облик



кои се развиваат исклучиво во текот на 1919 година, и 1923 година добиваат архитектонски облик,



како нови системи или мотив на архитектонскиот развој. На тој начин го дефиниравме статичкиот и динамичкиот супрематизам со оперирање, со помош на елементите на квадратот, две чувства статички и динамички.

Но, откриваме трето чувство, чувство на магнетна тежа на еден супр- елемент наспроти друг.



Понатака гледаме развој на друг основен крстовиден супр- елемент, елемент на космички и мистични чувства.



Понатака гледаме развој на третиот , кружен супр- елемент, настанок на кружни супр-елемент заедно со квадратот.





Четвртиот момент на развој на супр- елементот гледаме во следниот облик



- Една страна на елементите почнува да се раствара на чувство на потполно не-битие.
И во петиот момент се појавува белиот супр-елемент.
По своето чувство претставува апсолутна базпредметност.



1
2 а б в г д е
3
4
5
6
7
8
9 а б в
10
11 а б в г
12
13
14
15
16
17



1
2 а б в г д е
3
4
5
6
7
8
9 а б в
10
11 а б в г
12
13
14
15
16
17







Куќи од иднината за Ленинград: Куќа за пилот, 1924



Архитектон „Алфа“ 1920





Архитектон „Бета“ 1920



Архитектон „Бета“ 1923



Архитектон „Гота“ 1923



Архитектон „Гота II“ 1923



Изложба на работни модели на тема „Идентификација и изразување на волумен и тежина“ по предметот „Простор“ кај проф. Николај Александрович Ладовски (1881-1941), ВКХУТЕИН, Москва 1927-1928



Студент на ВКХУТЕМАС,
помеѓу 1920-1926



Сол ЛеВит,
Отворена недовршена
коцка, 1974



**Концептуален модел на Музејот на Модерна Уметност во Гунма, Арата Исозаки, 1974**